Врз основа на член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој го донесе следното,

# УПАТСТВО
## за начинот на поднесување барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

### Член 1

### Општи одредби

Со ова Упатство се определува постапката за начинот на поднесување на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од страна на барателот до имателот на информацијата, применувајќи го Законот за слободен пристап до информации јавен карактер.

### Член 2
### Постапка за поднесување на барање

Секој барател овозможува пристап на информација од имателот преку поднесување на пропишан образец на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Барателот може да поднесе усно барање, писмено барање или во електронски запис, при што барањето поднесено во електронски запис ќе се смета за писмено поднесено барање.

Барателот е должен во барањето да се произнесе за начинот на натамошната комуникација со имателот на информацијата и тоа усно, во писмена форма или во електронска форма.

Наведениот начин на доставување на барањето е многу важен и за самиот барател и за имателот на информацијата, бидејќи од денот на доставување на барањето почнува да тече рокот за постапување.

Член 3

Писмено барање

Барањето може да биде поднесено на пропишан образец согласно Правилникот за формата и содржината на образецот на барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, достапен на веб страната на Агенцијата или на обичен поднесок кој треба да ги содржи следните податоци:

-Назив на имателот на информацијата,

-Личното име и презиме на барателот на информацијата,

-Податоци за можниот застапник или полномошник или правното лице.

Кога барателот го доставува писменото барање до архивата на имателот на информацијата, треба да има примерок од барањето на кој имателот ќе стави приемен печат со датум на приемот и архивски број, а доколку нема во тој случај му се дава потврда за заверен прием на барањето.

Доколку барањето во писмена форма се доставува преку пошта, потребно е да биде со препорачано писмо и со повратница.

Член 4

Поднесување барање во електронска форма

Барателот може да поднесе барање во електронска форма преку е-пошта до имателот на информацијата.

Имателот во овој случај треба да го заведе барањето на денот кога е доставено, а барателот е должен да си побара потврда дека електронското барање е уредно доставено.

Постапката по однос на вака доставено барање продолжува како да е поднесено во писмена форма.

Член 5

Усно барање

Барателот може да побара пристап до информација со усно барање, и доколку имателот на информацијата одговори позитивно, е должен во рок од 5 дена од денот на поднесување на барањето да му се овозможи запознавање со содржината преку увид, препис, фотокопија или електронски запис од бараната информација.

Доколку имателот на информацијата по однос на усмено доставено барање одговори негативно, како и ако барателот има усмен или писмен приговор за начинот на запознавање со информацијата, овластеното лице за посредување со информации од јавен карактер е должен да изготви решение со податоци за барателот и датум на прием на барањето.

Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер е должно со решението да го извести барателот за бараната информација. При одбивањето на усното барање, натамошната постапка продолжува како по писмено барање во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Член 6

Барање доставено преку полномошник

Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер доставено до имателот на информацијата, може да се поднесе преку застапник или ополномоштено лице. Доколку барателот поднесе барање во оваа форма, задолжително треба да биде доставено уредно полномошно.